# МЕСЕЧНИК

## за криминалот од омраза

**МАРТ 2019**

Кривичните дела мотивирани од нетолеранција, односно предрасуди кон одредена група во општеството се опишува како криминал од омраза. За неговото постоење мора да бидат исполнети два услова: делото мора да е предвидено во кривичното право и сторувањето мора да е мотивирано од некоја предрасуда. Мисијата на ОБСЕ во Скопје го поддржува Хелсиншкиот комитет при регистрацијата и мапирањето на делата од омраза. Овој месечник обезбедува прикажување на сите регистрирани инциденти во текот на еден месец.

## ИНЦИДЕНТИ

**Предизвикани од омраза овој месец** **17**

### ВИД НА ИНЦИДЕНТ

- 1 уништување на имот
- 0 сериозна закана
- 5 телесна повреда
- 0 напад со ладно оружје
- 0 уништување на симболи
- 14 насилство
- 0 напад со огнено оружје
- 0 предизвикување на општа опасност
- 1 загрозување на сигурноста
- 1 предизвикување на етничка, верска и расна нетрпеливост
- 0 разбојништво

## РЕАКЦИИ

**0** **Реакции овој месец**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА - ОСУДА

- 0 од функционер
- 0 религиски водач
- 0 граѓанско здружение
- 0 протест
- 0 отстранување последица
- 0 друго

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖРТВАТА:

| етничка припадност | верска припадност | политичка припадност | сексуална ориентација | друго (националност/државјанство) |
|---|---|---|---|---|
| 94.0% | 6.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |

**Вкупен број на инциденти во 2019 година: 42**




## ВО МАРТ 2019 ГОДИНА

**0 : 17**

верификувани : неверификувани

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР

откриени сторители .................................... 10

кривични пријави ......................................... 2

тековни судења ................................... ("Саздо") 1

## ИНЦИДЕНТИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈАТА

Скопје **14**

Тетово **2**

Гостивар **1**




## Издвоен инцидент

**Зголемен број на инциденти сторени од омраза**

Во месец Март 2019 регистрирани се 17 инциденти од омраза, од кои 16 се сторени поради етничка припадност, а 1 е поради верска припадност и религија. Најголем дел од инцидентите се сторени во Скопје и околината (14), во Тетово се регистрирани 2 инциденти и во Гостивар 1 инцидент. Во значителен дел од регистрираните инциденти жртви биле деца (лица под 18 години) и лица на возраст до 25 годишна возраст, а најмалата жртва е на десетгодишна возраст.

Овој месец на 12.03.2019 во 11.30 часот во СВР Скопје, Е.К.(38) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 10 часот на улица „Московска" неговиот 10- годишен син бил физички нападнат од 14- годишен малолетник. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.На 13.03.2019 околу 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Гоце Стојчевски" (о. Бутел. Скопје Север) во Скопје, 14-годишник од Скопје физички нападнал 13-годишно момче, исто така, од Скопје, при што со остар предмет му нанел убодна рана. Повредениот малолетник бил пренесен во Градската општа болница „Свети Наум Охридски", каде му била указана лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe OSCE Mission to Skopje

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

zlostorstvaodomraza.mk
helkom@mhc.org.mk
++389 (0)2 3119 073